Australian Government

Дејствувајте сега.
Останете безбедни.

# Како да останете безбедни онлајн

Верзија за лесно читање

Easy Read



# Како да го користите овој водич




Ние сме Владата на Австралија.

Ние го напишавме овој водич.



Некои зборови ги напишавме со **задебелени** букви.

Објаснуваме што значат овие зборови.

Има и список на овие зборови на страница 28.



Може да побарате поддршка од лице на кое му верувате за:

- читање на овој водич
- наоѓање повеќе информации.




Ова е преглед на друг водич, напишан за лесно читање.

Тој ги содржи само најважните идеи.



Другиот водич може да го најдете на нашата веб-страница.

www.actnowstaysecure.gov.au

# Што содржи овој водич?


За овој водич 4

Заштитете ги вашите сметки 6

Проверете ги вашите поставки за да ги заштитите вашите информации 10

Заштитете ги вашите уреди 16

Измами 20

Пријавете и зборувајте 25

Список на зборови 28

Контактирајте нè 30

# За овој водич



Сите треба да размислиме како можеме да останеме безбедни онлајн.

Ова го нарекуваме **сајбер**-безбедност.



Сајбер значи дека нешто е поврзано со интернетот.



Овој водич објаснува некои работи што можете да ги направите за да се заштитите онлајн.

На пример, од **сајбер-криминал**.

Сајбер-криминал е кога криминалци го користат интернетот за кривични дела.



На пример, тие може да го користат интернетот за да:

- ги украдат вашите лични информации
- преземат контрола врз вашите онлајн сметки или профили.



Сајбер-криминал може да се случи на кој било уред.

Ова ги вклучува вашите:

- компјутер
- паметен телефон
- паметен рачен часовник.



Постојат работи што можете да ги направите за да останете безбедни од сајбер-криминал.



На следните страници објаснуваме што можете да направите.

# Заштитете ги вашите сметки



Треба да размислите како можете да ги заштитите вашите онлајн сметки.

## Користете силни и различни лозински фрази



**Лозинска фраза** е посилен вид лозинка.

Многу е тешко други луѓе да ја погодат.





Користењето силни и различни лозински фрази е еден од најдобрите начини да ги заштитите вашите сметки.



Треба да користите различна лозинска фраза за секоја ваша онлајн сметка.



Силните лозински фрази содржат:

- 4 или повеќе случајни зборови
- 15 или повеќе букви и бројки.




Можете да вклучите некои големи букви.



Можете да користите и симболи како што се:

- цртичка
- знак за долар
- знак @ за е-пошта.



Не треба да користите лични информации во вашите лозински фрази.



На пример:

- вашиот роденден
- имињата на членовите на вашето семејство или на домашните миленици.

# Додајте дополнителни чекори за најавување на вашите сметки



Можете да ги заштитите вашите онлајн сметки со **повеќефакторска автентикација (MFA)**.

MFA е кога секој пат користите 2 или повеќе различни начини за да се најавите на вашата сметка.




На пример, можеби прво ќе треба да ја внесете вашата лозинска фраза.

Потоа внесувате код што го добивате на вашиот телефон.

Можеби ќе можете да изберете да:




- инсталирате апликација на вашиот телефон што ќе ви го дава кодот



- го добиете кодот во е-пошта




- го добиете кодот во СМС порака.



Со MFA им се отежнува на другите луѓе да влезат во вашите онлајн сметки.

Дури и ако ја дознаат вашата лозинска фраза.

# Проверете ги вашите поставки за да ги заштитите вашите информации



Можете да проверите дали вашите поставки ги штитат вашите информации онлајн.



Ова ги вклучува поставките на вашите:

- онлајн сметки
- уреди
- апликации.



Можете да:

- ги промените вашите поставки
- изберете кои апликации можат да ги користат вашите информации.



Поставките на вашиот уред може да ги најдете со:

- барање на иконата со запчаник

  или

- пишување „settings“ (поставки) во лентата за пребарување на вашиот уред.



Поставките во апликација или во онлајн сметка може да ги најдете со отворање на менито.

Менито често изгледа како 3 прави линии.



Некои од овие поставки можат да споделуваат информации за:

- кој сте
- каде сте
- каде живеете.



Споделувањето на овие информации онлајн може да ве изложи на ризик од сајбер-криминал.



Сајбер-криминалците можат да ги користат вашите информации за да се претставуваат како вас.

На пример, тие може да користат информации како што се:



- каде живеете



- имињата на членовите на вашето семејство



- имињата на вашите домашни миленици.



Можете да ги поставите вашите сметки така што само луѓето што ги познавате да можат да ги гледаат вашите профили на социјалните медиуми.

На пример, вашиот Фејсбук профил.



Овие поставки обично се нарекуваат поставки за приватност.



Можете да ги контролирате и вашите **поставки за локација**.

Поставките за локација покажуваат каде се наоѓа вашиот уред.



Можете да ги вклучите или исклучите поставките за локација.

Исто така, можете да изберете кои апликации можат да ги користат вашите поставки за локација.



Ова можете да го направите за вашите:

- онлајн сметки
- уреди
- апликации.

Некои апликации може да ве прашаат дали можат да:



- ја користат вашата камера



- ги гледаат вашите фотографии.



Треба да им дозволите пристап до камерата и фотографиите само на апликации што ви се познати.

# Заштитете ги вашите уреди



Треба да размислите како можете да ги заштитите вашите уреди за да останете безбедни онлајн.

На пример, вашиот телефон или паметен рачен часовник.



Ова е важно за уреди што се поврзуваат на интернет.

## Ажурирајте ги вашите уреди



Можете да ги ажурирате вашите уреди за да ги одржите безбедни онлајн.

На пример, вашиот телефон и лаптоп.



Вашиот уред можеби ова го нарекува ажурирање на софтверот.



Секое ажурирање му помага на уредот да се заштити од сајбер-криминал.



Можете да поставите уредот самостојно да се ажурира.



Повеќе за тоа како да ги ажурирате вашите уреди може да дознаете на нашата веб-страница.

www.actnowstaysecure.gov.au/cyber-safe-actions

## Јавни Wi-Fi мрежи



Треба да бидете внимателни кога користите **јавен Wi-Fi.**




Јавен Wi-Fi е бесплатен безжичен интернет што можете да го користите на јавни места.



На пример, во:

- кафуле
- аеродром
- хотел.



Треба да внимавате какви информации внесувате на веб-страница кога користите јавен Wi-Fi.



На пример, вашите:

- податоци од банка
- сметки за е-пошта
- профили на социјалните медиуми.



Некои сајбер-криминалци можат да користат јавен Wi-Fi за да:

- видат што правите онлајн
- ги украдат вашите информации.

Тоа е затоа што:



- секој може да го користи



- потешко е да ги заштитите вашите уреди.



Може да дознаете како да останете безбедни кога користите јавен Wi-Fi на нашата веб-страница.

www.actnowstaysecure.gov.au/cyber-safe-actions

# Измами



**Измама** е кога некој се обидува да:

- ве измами
- ви гиземе парите.



**Измамник** е лице што прави измами**.**

Измамниците може да се обидат да ве измамат преку:



- текстуална порака или телефонски повик
- е-пошта
- социјални медиуми
- веб-страница.



Тие може да изгледаат пријателски.

Но, може да ве измамат да им ги дадете вашите информации.

Тие можат да го користат ова за да:



- влезат во вашите онлајн сметки



- се претставуваат како вас



- ви ги украдат парите.

Измамниците може и да:



- создадат лажни сметки за да ве измамат



- споделуваат линкови и реклами за да кликнете на нив.

# Како да препознаете измама

Можно е да се работи за измама ако:



- бара од вас брзо да направите нешто



- ви нуди многу пари



- бара пари од вас



- бара од вас да кликнете на линк.



Измамниците може и да се преправаат дека се организација што ја знаете и во која имате доверба.

На пример, вашата банка.



Измамниците го прават ова за да ги споделите вашите лични информации со нив.



Треба да престанете да разговарате со лицето ако мислите дека е измамник.



Треба да проверите дали лицето е навистина тоа што вели дека е.

Можете да го контактирате лицето или организацијата преку податоци на кои им верувате и што самите сте ги пронашле.



Дејствувајте брзо за да се заштитите ако нешто ви изгледа погрешно.

# Пријавување измама



Scamwatch им помага на Австралијците да:

- ги разберат измамите
- пријавуваат измами.



Scamwatch исто така им помага на Австралијцитe што доживеале измами.



Можете да пријавите измама на веб-страницата на Scamwatch.

www.scamwatch.gov.au/report-a-scam

# Пријавете и зборувајте



Треба да пријавите за тоа како другите можат да се заштитат онлајн.

Ова вклучува:



- пријавување сајбер-криминал



- споделување на тоа што го знаете со семејството и пријателите.



На следните страници ќе објасниме како можете да пријавите и да зборувате.

# Пријавете сајбер-криминал

Пријавувањето сајбер-криминал ѝ помага на владата да:



- дознае како сајбер-криминалците се обидуваат да напаѓаат луѓе



- заштити повеќе луѓе.



Можете да пријавите сајбер-криминал на веб-страницата ReportCyber.

www.cyber.gov.au/report

## Разговарајте со семејството и пријателите за тоа како да останат безбедни онлајн



Треба да ги споделите вашите совети за безбедност онлајн со семејството и пријателите.

И вие можете да научите од нив.



Можете да се заштитите себеси и луѓето околу вас така што ќе го споделите тоа што го знаете за безбедност онлајн.



Ова е важно и ако споделувате уреди со други лица.

# Список на зборови

Овој список објаснува што значат зборовите со **задебелени** букви во овој водич.



**Сајбер**

Сајбер значи дека нешто е поврзано со интернетот.

**Сајбер-криминал**



Сајбер-криминал е кога криминалци го користат интернетот за кривични дела.

На пример, тие може да го користат интернетот за да:

- ги украдат вашите лични информации
- преземат контрола врз вашите онлајн сметки.



**Поставки за локација**

Поставките за локација покажуваат каде се наоѓа вашиот уред.



**Повеќефакторска автентикација (MFA)**

MFA е кога секој пат користите 2 или повеќе различни начини за да се најавите на вашата сметка.



**Лозинска фраза**

Лозинска фраза е посилен вид лозинка.

Многу е тешко други луѓе да ја погодат.




**Јавен Wi-Fi**

Јавен Wi-Fi е бесплатен безжичен интернет што можете да го користите на јавни места.

**Измами**



Измама е кога некој се обидува да:

- ве измами
- ви ги земе парите.



**Измамник**

Измамник е лице што прави измами.

# Контактирајте нè



Можете да се јавите на Австралиската телефонска линија за сајбер-безбедност.

1300 292 371



Можете да ја посетите нашата веб-страница.

www.actnowstaysecure.gov.au



Можете да пријавите сајбер-криминал на веб-страницата ReportCyber.

www.cyber.gov.au/report

Овој документ за лесно читање го изработи Information Access Group со користење фотографии од база на фотографии и сопствени слики. Сликите не смеат повторно да се користат без дозвола. За какви било прашања во врска со сликите, посетете ја www.informationaccessgroup.com. Наведете го бројот на работниот налог 6342.